36711

Нова Македонија, Скопје, 14.III.1989, 15135, 8

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# ФИЛМСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ФРАНЦУСКИОТ ДИЗАЈН

Во рамките на изложбата на достигнувањата на францускиот современ дизајн „Тие секојдневни предмети", што деновиве се одржува во Музејот на современата уметност, оваа институција, во соработка со Францускиот културен центар од Скопје, организира и филмски проекции на филмови од француско производство кои говорат за францускиот дизајн.

Првата проекција ќе биде утре во салата на Музејот на современата уметност со почеток во 11 часот, а втората в четврток со почеток во 18 часот.

S. Г.